# Јакост на материјалите

1. **Присуството** на наставата (предавања и вежби) е статутарна обврска на секој студент која директно се оценува со **5%**.
2. Во текот на семестарот секој студент треба да изработи **6 домашни задачи**, кои се задаваат на часовите по вежби, а се предаваат пред почетокот на часовите по предавања следната недела. **Задоцнетите домашни, заради оправдани или неоправдани причини, нема да бидат оценувани**. Враќањето на прегледаните домашни ќе биде една недела после нивното предавање во училница после часовите. Секој студент ќе може да поразговара со својот асистент за направените грешки и пропусти во задачите. Сите домашни задачи носат ист број на поени, од 0 – 100. На крајот од семестарот сите студенти ќе добијат можност за преработка на една најслабо оценета домашна задача. Максималниот можен број на поени, 6 x 100 = 600 поени, учествуваат со **15%** во формирањето на завршната оценка по предметот.
3. Во текот на семестарот студентите се должни да изработат **3 колоквиуми**, сите со ист број на поени, од 0 – 100, кои ќе содржат задачи и прашања од теоретскиот дел. Максималниот број на поени, 3 x 100 = 300, учествува со **30%** во формирањето на завршната оценка по предметот.
4. Услов за добивање на **потпис** по предметот и излегување на завршниот испит е да се соберат најмалку **20%** според точките 1, 2 и 3.
5. **Завршниот испит**, кој содржи задачи и прашања од теоријата, се оценува со поени од 0 до 100 и учествува со **50%** во формирањето на завршната оценка по предметот. Завршниот испит ќе биде позитивно оценет ако **минималниот број на освоени поени изнесува 40 и е задолжителен за сите студенти**.

6. Табела за добивање завршна оценка по предметот

| Оценка | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно поени | 51-60 | 61-70 | 71-80 | 81-90 | 91-100 |

**Нема да постои можност за дополнително извршување на неизвршените обврски** (ненавремено предавање на домашната задача или непојавување на колоквиум).

**Со желба за плодна соработка ви посакуваме успех во совладувањето на предметот!**